СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
НАША БАНКА!

# М И С Л Е Њ Е
## за извештаите на извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година

**Битола, 2017 година**

**М И С Л Е Њ Е**

**за извештаите на извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година**

„Грант Торнтон ДОО Скопје“ изврши ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за годината што завршува на 31 декември 2016 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените на капиталот, Извештај за паричните текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Методологијата од Народна банка на Република Македонија.

Ревизијата на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, Методологијата од Народна банка на Република Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

Надзорниот одбор на Банката на својата 10. редовна седница одржана на 11.4.2017 година ги разгледа финансиските извештаи и Извештајот со Мислењето на „Грант Торнтон ДОО Скопје“ и смета дека истиот е сеопфатен и ја прикажува финансиската состојба на Банката.

Надзорниот одбор на Банката оцени дека финансиските извештаи за работењето на Банката во 2016 година се потврдени од страна на „Грант Торнтон ДОО Скопје“ и ги прифаќаат финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори до раководството и акционерите на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, Надзорниот одбор на Банката предлага Собранието да ги усвои финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори со Мислењето, изготвен од „Грант Торнтон ДОО Скопје“, за финансиската состојба на Банката за 2016 година.

**Битола, 11.4.2017**

**претседател на**
**Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола**
**Ненад Јосифовиќ**

______________________________________